Република Северна Македонија
**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-6681/1
24.10 20 20 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

До Друштвата за неживотно осигурување

Предмет: Склучување на договори за деловна соработка со асистентски куќи согласно класата 18

Почитувани,

Согласно Член 5 точка 18 од Законот за супервизија на осигурување, друштвата за неживотно осигурување склучуваат договори за осигурување во класа 18 „Осигурување на туристичка помош за лица кои се соочуваат со проблеми при патување или други случаи на отсуство од дома или од постојаното место на живеење".

Во врска со класата 18, каде друштвата за осигурување склучуваат договори за соработка со правни лица (асистентски куќи) за техничка помош асистенција на друштвата за осигурување преку обезбедување на услуги за различни осигурителни продукти (домашна асистенција, авто асистенција и асистенција кај патничко здравствено осигурување), Агенцијата за супервизија на осигурување укажува на следното:

- **друштвата за осигурување** без разлика со која асистентска куќа имаат склучено договор, **имаат обврска** во случај на остварување на осигурен случај и негово пријавување од страна на осигуреникот во контакт центарот, **веднаш** согласно Правилникот за минималната содржина на евиденцијата и начинот на пријава, резервација и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување, да ја евидентираат штетата во својот систем, да отворат предмет и да издвојат резерва за истата.

За таа цел, Агенцијата очекува сите друштва за осигурување да ги ревидираат договорите за деловна соработка со асистентските куќи, со цел јасно дефинирање на начинот и рокот за комуникација меѓу асистентската куќа и друштвото за осигурување, со цел навремено евидентирање на отштетното побарување во евиденцијата на друштвото за осигурување, како и резервација на истото во систем. Исто така, потребно е друштвата за осигурување да ги проверат условите за асистенција во делот на обврски на друштвото за осигурување, со цел во истите јасно да биде наведено

Republika e Maqedonisë së Veriut
**AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE**

**Drejtuar: Shoqërive të Sigurimeve Jo-Jetë**

**Lënda: Lidhja e marrëveshjeve të bashkëpunimit afarist me zyra të asistentëc në përputhje me klasën 18**

**Të nderuar,**

Në përputhje me nenin 5 pika 18 të Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Shoqëritë e Sigurimeve Jo-Jetë lidhin kontrata sigurimi në klasën 18 „Sigurimi i asistencës turistike për personat që përballen me probleme gjatë udhëtimit ose raste të tjera të mosprezencës në shtëpi ose në vendbanimin e përhershëm të jetesës ".

Në lidhje me klasën 18, ku shoqëritë e sigurimeve lidhin marrëveshje bashkëpunimi me persona juridikë (zyra për asistencë) për ndihmë/asistencë teknike për shoqëritë e sigurimeve duke ofruar shërbime për produkte të ndryshme sigurimesh (asistencë shtëpiake, auto-asistencë dhe asistencë në sigurimin shëndetësor gjatë udhëtimit), Agjencia e Mbikëqyrjes së Sigurimeve informon si më poshtë:

**- shoqëritë e sigurimeve,** pavarësisht se me cilën zyrë për asistencë kanë lidhur kontratë, **kanë si detyrë** që në rast të realizimit të një ngjarje të sigurimit dhe raportimin e saj nga i siguruari në qendrën e kontaktit, menjëherë në përputhje me Rregulloren për përmbajtjen minimale të regjistrave dhe mënyrën e aplikimit, rezervimit dhe likuidimit të dëmeve nga shoqëritë e sigurimeve, të regjistrojnë dëmin në sistemin e tyre, të hapin një lëndë dhe të alokojnë provigjone për të.

Për këtë qëllim, Agjencia pret që të gjitha shoqëritë e sigurimeve të rishikojnë marrëveshjet/kontratat e bashkëpunimit me zyrat e asistencës, në mënyrë që të përcaktojnë qartë mënyrën dhe afatin e komunikimit ndërmjet zyrës së asistencës dhe shoqërisë së sigurimeve, në mënyrë që të evidentojnë me kohë dëmin në regjistrat e evidencave të shoqërive të sigurimeve dhe rezervimin e dëmit në sistem. Gjithashtu është e nevojshme që shoqëritë e sigurimeve të kontrollojnë kushtet për ndihmë/asistencë në pjesën e detyrimeve të shoqërisë së sigurimeve, në mënyrë që të deklarojnë qartë se përgjegjësia për ankesat

дека обврската за приговори од штетниот настан ја има друштвото за осигурување, а не асистентската куќа.

Во интерес на унапредување на дејноста осигурување во државата, очекуваме респонзивност од страна на друштвата за осигурување согласно горе наведеното и најдоцна до крај на декември 2020 година, да постапат и да ја информираат Агенцијата за супервизија на осигурување, со доставување на копија од новите/ревидирани договори/услови.

Со почит,

nga ngjarja e dëmshme i takon kompanisë së sigurimeve, dhe jo zyrës së asistencës.

Në interes të promovimit të veprimtarisë të sigurimeve në vend, ne presim përgjegjshmëri nga shoqëritë e sigurimeve në përputhje me sa më sipër dhe jo më vonë se fundi i dhjetorit 2020, të procedojnë dhe të informojnë Agjencinë e Mbikëqyrjes së Sigurimeve, duke dorëzuar kopje të kontratave/kushteve të reja të rishqyrtuara/ të rishikuara.

Me respekt,

Претседател на Советот на експерти

Крсте Шајноски

Kryetari i Këshillit të Ekspertëve

Kërste Shajnoski